# ЦЕЛИ ЗА КВАЛИТЕТ

ДУТУ „Проект 42“ ДООЕЛ - Куманово, воспоставува Цели за квалитет поради спроведување на Политиката за квалитет, исполнување на барањата на клиентите и подобрување на ефикасноста на СУК. Целите за квалитет ги усмеруваат и ги идентификуваат приоритетите за процесот на подобрување.

ДУТУ „Проект 42“ ДООЕЛ - Куманово ги класифицира Целите за квалитет на следниот начин:

Стратешки цели
Овие цели се применуваат во фирмата во целост, утврдени се со Политиката на квалитет, се воспоставуваат и документираат во рамките на процесот на преиспитување на СУК.

- Активно растење и развивање на претпријатието преку зголемување на обемот на работа со опфат на повеќе клиенти и подобрување на услугата;
- Проширување и развивање на претпријатието на нови пазари.

Цели за квалитет кои се однесуваат на перформансите на процесите
Ова се специфични, мерливи цели, за подобрување на процесите

- Рекламирање - процеси усмерени кон корисниците;
- Опфат на што поголем број на клиенти;
- Комуникација со корисници;
- Обезбедување на ресурси;

Се со цел за остварување на задоволство на корисниците.

Цели за квалитет кои се однесуваат на перформансите на услугите
Се однесува на подобрување на процесите за:

- Набавка на опрема и возила;
- Вреднување на испорачатели;
- Верификација на набавките.

Цели за квалитет кои се однесуваат на перформансите на системот за менаџмент на квалитетот
Овие цели се однесуваат на подобрување на процесите на СУК и се применуваат во функциите кои се директно одговорни за процесите на СУК кои се утврдени како предмет на процесите за подобрување.